# Програма за е-учење

# Регистрација и идентификација на економските оператори - EORI

## Заклучоци од курсот

Ова е брзо и практично резиме на најрелевантните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

По завршување на курсот, ќе имате научено:
- што е EORI,
- како работи EORI,
- кому е потребен EORI број,
- каде треба да бидат регистрирани,
- што треба јас да направам.

Исто така, ќе имате способност да разбирате:
- како EORI ќе им носи погодности на трговските оператори и на царинските органи во ЕУ
- како функционира EORI и како се користат EORI броевите.

## 2 Што е EORI

- **„Економските оператори“** – што значи **поединците и претпријатијата** кои се вклучени во царинските активности во ЕУ – потребно е да се регистрираат според Системот за регистрација и идентификација за економските оператори и да добијат **единствен EORI број**.
- EORI системот има повеќе **погодности** и за операторите и за царинските органи:
  - Подобрена безбедност
  - Поголема административна едноставност
  - Помалку администрирање за операторите
  - Поедноставени царински обработки
- Да видиме како EORI системот работи во пракса. **Државните царински власти** се одговорни за **доделување броеви** на квалификувани оператори и за управување со податоците. Секој EORI број се состои од шифра на земјата од две букви, заедно со најмногу 15 алфанумерички карактери. EORI податоците се чуваат во националните ИТ системи во секоја земја-членка. Тие исто така се разменуваат и чуваат во централната EORI база на податоци.

- Откако ќе биде издаден, EORI бројот на операторот треба да се наведува **во комуникацијата** со царинските власти ако е потребно, за некои лица да биде наведен **во збирна декларација за влез и излез**, а за некои лица наведен**во царинска декларација.**

## 3 Кому му е потребен EORI број

- За да се **квалификувате** за EORI регистрација, поединците или организациите треба да бидат " Економски оператори ", (ЕО) како што е дефинирано со нивниот **правен статус** и активностите што ги извршуваат.

- Економскиот оператор (ЕО) е дефиниран како **лице** кое, во текот на вршење на својата дејност, учествува во **активности** поврзани со **царински прописи.**

- Економските оператори кои не се основани во рамки на царинската територија на Унијата, а сепак се вклучени во активности регулирани со царинските прописи во ЕУ, **исто така треба да бидат регистрирани** кај царински орган во земја-членка на ЕУ за да добијат EORI број.

- Во повеќето случаи, економските оператори знаат каде треба да го добијат својот EORI број, без разлика дали се основани во рамки на царинската територија на Унијата или не. Некои случаи се сепак посложени. Во вакви случаи, се применуваат два основни принципа за одредување на местото каде треба да се издаде EORI број:
    1. ЕО мора да биде **„лице“** во рамки на одредена земја-членка на ЕУ.
    2. За едно **„лице**“ се издава само еден EORI број

- Мултинационалните компании често опфаќаат **матична компанија и повеќе составни единици** каде секоја е одделно правно лице, т.е. одделен правен субјект. Во вакви случаи, секој правен субјект е **оделно „лице“** кое може да добие свој **сопствен EORI број**.

## 4 Што треба да направам

- Доколку никогаш не сте биле регистрирани кај царинските органи на ЕУ, а треба да се регистрирате за EORI, поднесете барање кај органите надлежни за регистрација:
    - Во вашата земја на живеење/основање, доколку сте основани во земја чпленка на ЕУ
    - Во онаа земја членка на ЕУ во која од вас се бара да се регистрирате, доколку сте основани надвор од ЕУ

- Во барањето кое го поднесувате треба да обезбедите информации кои ќе бидат проверени од страна на царинските органи. Идентитетот на економските оператори кои не се основани на царинското подрачје на Зедницата моќат да се потврдат со:
    - За физички лица: **валиден пасош** или друга **патна исправа**.
    - за правни лица или нивни здруженија: неодамнешен документ, издаден од **деловниот/централниот регистар** во **земјата на здружување**.

- Имајќи предвид дека сите ваши податоци мора да бидат **проверени**, сметајте дека е потребно време за завршување на формалностите пред да ви биде издаден EORI број.

## 5 Каде може да пронајдете податоци за EORI или пристап до EORI системот

Централниот EORI систем има јавен интерфејс преку Europa веб порталот (не е потребна идентификација, автентикација, ниту авторизација). Тоа ќе му овозможи секому:

- Да провери дали некој конкретен EORI број е **валиден**.
- Да го види **целото име** и **регистрирана адреса** на ЕО, само доколку овластениот оператор се согласил тоа да биде објавено

Ако сакате да научите повеќе за EORI, дополнителни детали за целокупниот систем може да се најдат на Europa веб порталот: https://ec.europa.eu/taxation_customs/business/customs-procedures/general-overview/economic-operators-registration-identification-number-eori_en.

Веб порталот Europa содржи линкови до веб страни на одделни Царински управи, така што таму можете да дознаете повеќе за **постапките за регистрација** и други **специфични одредби** кои се применуваат во вашата земја членка на ЕУ.

*Запомнете, ова е брзо и практично резиме на најрелевантните информации од курсот.*
*За автентично се смета само законодавството на Европската унија што е објавено во Службениот весник на Европската унија. Комисијата не презема одговорност за што и да е во врска со обуката*